Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИОТ БУЏЕТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 март 2006 година.

Број 07-1231/1
20 март 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИОТ БУЏЕТ

Член 1

Во Законот за судскиот буџет ("Службен весник на Република Македонија" број 60/2003), во членот 1 став 2 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: "и Академијата за обука на судии и јавни обвинители".

Член 2

Во членот 2 ставот 1 се менува и гласи:

"Судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и трошоците на судската власт и на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, што ги утврдува Собранието на Република Македонија и е наменет за финансирање на судската власт и Академијата за обука на судии и јавни обвинители."

Член 3

Во членот 4 став 2  точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: "и на Академијата за обука на судии и јавни обвинители".

Член 4

Во членот 5 став 1 во точката 1 по алинејата 6 се додаваат четири нови алинеи 7, 8, 9 и 10, кои гласат:

"- за платите и надоместоците на вработените во Академијата за обука на судии и јавни обвинители;

- за стоки и услуги за работа на Академијата за обука на судии и јавни обвинители;

- плаќањата за други трошоци од редовната работа на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и

- за почетна обука на кандидати за судии и заменици на јавни обвинители и постојано стручно усовршување на судиите, јавните обвинители, нивните заменици, на судските и обвинителските службеници, како и на државните службеници во Министерството за правда  кои вршат работи од областа на правосудството."

Во точката 2 по алинејата 2 се додаваат две нови алинеи 3 и 4, кои гласат:

"- набавката на капитални средства за Академијата за обука на судии и јавни обвинители и

- инвестиционо одржување на објектите и опремата на Академијата за обука на судии и јавни обвинители."

Член 5

Во членот 7 став 1 зборот "осум" се заменува со зборот "десет".

Во ставот 3 алинеја 4 зборот "тројца" се заменува со зборот "четворица", а по алинејата 4, се додава нова алинеја 5, која гласи:

"- директорот на Академијата за обука на судии и јавни обвинители."

Член 6

Во членот 9 став 1 алинеја 2 по зборот "судовите" се додаваат зборовите: "и на Академијата за обука на судии и јавни обвинители".

Во ставот 1 алинеја 3 по зборот "судовите" се додаваат зборовите: "и во Академијата за обука на судии и јавни обвинители".

Член 7

Во членот 11 алинеја 2 по зборот "судовите" се додаваат зборовите: "и на Академијата за обука на судии и јавни обвинители".

Член 8

Во членот 13 ставот 1 се менува и гласи:

"Судскиот буџетски совет изготвува циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на финансиските планови на судовите и на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и ги доставува до судовите и до Академијата за обука на судии и јавни обвинители."

Член 9

Во членот 14 во воведната реченица на ставот 1 по зборот "судовите" се додаваат зборовите: "и Академијата за обука на судии и јавни обвинители".

Член 10

Членот 16 се менува и гласи:

"Претседателот на судот и директорот на Академијата за обука на судии и јавни обвинители се одговорни за извршувањето на финансискиот план во судот, односно во Академијата за обука на судии и јавни обвинители."

Член 11

Во членот 17 став 1 по зборовите: "претседателот на судот" се додаваат зборовите: "и од директорот на Академијата за обука на судии и обвинители", а по зборовите: "Републичкиот судски совет" се додаваат зборовите: "Академијата за обука на судии и обвинители".

Во ставот 2 по зборот "судовите" се додаваат зборовите: "и во Академијата за обука на судии и јавни обвинители".

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".